# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 14
29.12.2021 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

ДЕКЕМВРИ,2021

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ( „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.12.2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД ТРЕТАТА СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата Трета седница, одржана на 28.12.2021 година и тоа:

1. **Одлука** за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет за 2022 година;

2. **Заклучок** за усвојување на Извештај за рализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година;

3. **Програма** за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;

4. **Одлука** за измена на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Совет за социјална заштита на Општина Делчево;

5. **Буџетски** календар;

6. **Буџет** на Општина Делчево за 2022 година;

7. **Одлука** за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

8. **Одлука** за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година;

9. **Програма** за управување со отпад во Општина Делчево за 2022;
10. **Програма** зајавна чистота на општина Делчево за 2022 година;

11. **Решение** за именување член-претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска градинка „Весели Цветови“-Делчево;

12. **Програма** за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

13. **Одлука** за приоритетен проект „Набавка на контејнери за цврст отпад“ во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента B: Грантови за успешност;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- /1** — **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.12.2021** — **Градоначалник**
**Делчево** — **Горан Трајковски,с.р.**

**1.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, а согласно член 132 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата Трета седница, одржана на ден 28.12.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот

Член 1

Се формира Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево.
Комисијата е составена од 7 члена од редот на членовите на Советот и тоа:

1. Гоце Попов ,Претседател
2. Кирил Тренчевски, член
3. Сунчица Ѓорѓиева , член
4. Зекир Абдулов , член
5. Стефанија Атанасова Јовановски , член
6. Оливера Ташевска, член
7. Марјанчо Велиновски, член

Член 2

Комисијата има за задача да изготви Програма за работа на Советот за 2022 година.

Член 3

Програмата за работа на Советот особено содржи:
- назив на одлуките и другите општи акти и прашањата, односно темите што ќе ги разгледува Советот;
- субјектите задолжени за изготвување на актите и другите материјали и субјектите кои соработуваат во извршувањето на задачите и работите;
- предлагач на актите и другите материјали;
- државните органи од кои ќе се бара согласност за актите, доколку давањето согласност е предвидено со закон;
- роковите во кои одделни работи треба да се извршат.

Во програмата за работа се назначува кои документи се даваат на јавна или стручна расправа или на друг облик на непосредно изјаснување на граѓаните.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2533 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.12. 2021 год. | Претседател,
Д е л ч е в о | Гоце Попов,с.р.

2.Врз основа на член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РМ“ бр.104/2019 и 146/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата Трета седница, одржана на ден 28.12. 2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Извештајот за реализација на

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година

1.Се усвојуваИзвештајот зареализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година бр.08-2454/1 од 20.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2534/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.12.2021 г. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов, с.р.

3.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ” бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – пречистен текст („Службен Весник на РМ” бр.201/2015) и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево” бр. 15/2013), Советот на Општина Делчево, на третата седница, одржана на ден 28.12.2021 година, донесе

ПРОГРАМА
на еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ
за 2022 година

1. ВОВЕД

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

-Декларација за правата на човекот (1948 год.)

- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените ( 2006г. ).Општина Делчево ја потпиша на 8 Март 2018 година
- Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- Истамбулската конвенција – конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ“ бр. 201/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство /Службен весник на РСМ 24/21
- Закон за спречување и заштита од дискриминација / Службен весник на РСМ 258/20
- Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија
- Националниот план за акција за родова рамноправност

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Делчево предвидени во Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 („Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019) и Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.09-1840/1 од 27.09.2019 година, („Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019

## 2. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

2.1 Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација
2.2. Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;
2.3. Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница
2.4Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите
2.5. Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство

2.6. Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;

## 2.1 Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација

Унапредувањето на човековите права, родовата еднаквост и недискриминацијата се трајни задачи на сите општествени фактори. Република Северна Македонија, согласно со своите уставни определби, но и како земја кандидат за членство во ЕУ, во изминатите години презеде бројни активности на законодавен и функционален план за унапредување на севкупната состојба со човековите права, а во тој правец и на правата на жената и унапредувањето на родовата еднаквост.

Затоа неопходно е континуирано да се работи на информирањето и едукација за правата и родовата еднаквост, запознавање со законската легислатива за заштита на тие права преку спроведување на кампањи и многубројни активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за дискриминација по основ на пол, со цел за воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.

Проблемот на неостварување на основните човекови права на жените во Општина Делчево а посебно проблемот на неостварување на правата од работен однос, веќе подолго време е присутен во нашата општина. Проблемот е поприсутен кај жените во руралните средини и жените од ромска националност. Имено постои недоволно познавање на можностите за пристап до информации, документи и материјали за човековите права и начинот на кој истите можат да се остварат. Во истиот контекст е и проблемот од недостаток на човечки ресурси во институциите кои ги третираат човековите права. Посебен проблем е остварувањата на правата од работен однос кој е се поприсутен во приватните конфекции, каде најмногу се вработени жените(минимална плата, загарантиран платен одмор, прекувремена работа, мизерни услови за работа и.т.н). Сето тоа доведе до појава на потребата од преземање на мерки и активности за поголема информираност на жените за можностите кои ги нуди правната легислатива за поефективно остварување на човековите праваи заштита од дискриминација.

Општина Делчево континуирано дејствува на полето на :

• Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност ,

• Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.

***Активности кои ќе се реализираат:***

- Организирање на работилници/трибини за градење на капацитетите кај жените да си ги бараат своите права, преку подигнување на нивото на свесноста
- Обезбедување на правна помош иподигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жената во случај на повреда на нејзините права

- Организирање на обуки/трибини за препознавање на дискриминацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право

## 2.2. Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје

Здравјето е фундаментално човеково право. Секој има право на највисоко ниво на физичко и ментално здравје. Во Република Северна Македонија во последните години се посветува огромно внимание на здравјето на жените и се подготвуваат и имплементираат различни програми,но статистиките и понатаму покажуваат по однос на малигните заболувања за висока стапка на морталитет од заболувања на рак на дојка и матка кај жената, што во прв ред се должи на нивното ненавремено откривање во раната фаза, кога шансите за излекување се поголеми.

Затоа со цел за превенција и заштита на здравјето на жената и понатаму неопходно е континуирано подигање на свеста на жените за грижа за сопственото здравје. вклучително репродуктивното здравје, планирање на семејство и сексуално здравје преку спроведување на кампањи, едукативни предавања и други многубројни активности.

Во нашата општина не постои  анализа на зачестеноста и обемот на заболувања на рак на дојка и воопшто преваленца на канцерогени заболувања на женски репродуктивни органи, најризична годишна група на жените кои ги зафаќа болеста како и статистичките податоци на бројот на пријавени и интервенирани случаи. Врз основа на овие податоци општината би можела да ја увиди потребата за набавување на мамограф , апарат кој е и те како потребен за навремено детектирање на болеста, превентивата на истата а со тоа и подобрување на здраствената заштита на жените посебно тие кои живеат во руралните средини и ромската етничка заедница. Затоа ќе настојуваме да се воведе пракса еднаш во неделата специјалистот радиолог во Делчево да врши прегледи ехо на дојка и да ги чита снимките од направените мамографски прегледи. Исто така во општината недостасуваат медицинските услуги на доктор специјалист ортопед и уролог што представува голем предизвик за населението воопшто а  посебно за постарата популација и жени со бебиња, кои спаѓаат во најчести корисници на овој тип на медицинските услуги.

Од истражувањата кои се направени последните годиниконстатирани се следните проблеми:

- Зголемување на процентот на малигните и други болести поврзани за репродуктивното здравје на жената,,
- Зголемување на процентот на малигните и други болести поврзани со заболувања на простатата кај мажите;
- Ниска свест и на жените и на мажите за редовни лекарски контроли;
- Неедуцирани млади за сексуално преносливите болести;

***Активности кои ќе се реализираат:***

- Обезбедување на организирани прегледи ехо на дојка во Здравниот дом Гоце Делчев во Делчево,
- Обезбедување на организирани прегледи поврзани со заболувања на простатата кај мажите во Здравниот дом Гоце Делчев во Делчево,

- Организирање на трибини/едукативни предавања за превенција и заштита на здравјето на жената
- Организирање на настани по повод: април месец на јавното здравје, октомври месец за подигање на свеста за рано откривање на рак на дојка, ноември месец посветен на машкото здравје

**2.3. Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница**

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, родова сегрегација на професиите (на хоризонтално и вертикално ниво), пониското учество на жените на позициите на одлучување и моќ, остануваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид како приоритетни во периодот кој следи, со цел за унапредување на родовата еднаквост во општественото и економското живеење. Учество на жените во јавниот/политичкиот живот и во органите на управување во нашата општина е следната:

| | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Градоначалник/чка | 0 | 1 | 1 |
| Пратеник/чка | 1 | 1 | 2 |
| Членови на Советот | 7 | 8 | 15 |
| Членови на УО | 25 | 17 | 42 |
| Претседатели на УЗ и МЗ | 0 | 26 | 26 |
| Директори/ки на локални институции | 2 | 4 | 6 |
| Директори/ки на државни институции/ПЕ | 3 | 13 | 26 |

За постигнување на зајакнување на жените и нивно подеднакво учество во сите сфери на јавниот и приватниот живот, од суштинска важност е да се обезбеди и осигура рамноправност на жените во споделувањето на власта и активно учество во креирањето на политиките, одлучувањето на сите нивоа од јавниот и политичкиот живот.Сето тоа во нашата општина е на многу ниско ниво. Тоа се гледа од застапеноста на жените во органите на управување во сите сфери од јавниот живот. Дополнителен проблем е и ниската свест и заинтересираност на жените за учество во креирањето на јавните политики. Исто така постои и недоволно вреднување на жените кандидати за нивно активно вклучување во процесите на одлучување, посебно од страна на политичките партии. Потребно е преземање на мерки и активности за подигање на свеста за потребата од поактивно вклучување на жените во процесите на одлучување и креирањето на јавните политики .

*Активности кои ќе се реализираат:*

- организирање средби со локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Делчево,заради создавање на услови за учество на жените и

маргинализираните групи во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики,
- организирање на трибини/настани со цел намалување на социјалната исклученост на жените од јавниот и политичкиот живот со учество на етаблирани жени во јавниот и политичкиот живот
-Одржување на средби со сите представници на женските форуми од политичките партии со цел поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во политичките партии и раководни функции во политичките партии

## 2.4 Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите

*Според UNFCCC дефиниција на климатските промени:* "климатски промени се промени кои се предизвикани директно или индиректно од човечка активност и влијаат на составот на атмосферата и придонесуваат за природните климатски промени".
Директните последици од климатските промени се појави на:поплави,суши, пожари,ерозија на земјиште, појава на свлечишта, ладни и топлински бранови,екстремни температурни разлики,непредвидливи временски услови, обилни дождови (големи количини на дожд на единица површина во одреден кус период), снежни бури и други настани.

На краток или долг рок овие последици предизвикуваат: неизвесност на изворот на приход/средства за живеење, човечки и материјални загуби, ограничувања на природните ресурси (пожари на големи површини шуми, загрозување на биодиверзитетот, загуби на животни и др.), недостаток на вода и енергија, оштетување на инфраструктурата (мали хидроцентрали, домови, патишта, далеководи, телефонска инфраструктура и сл.), промена во биолошката разновидност, последици по здравјето на луѓето (наглите температурни промени предизвикуваат промени во притисокот, срцеви нарушувања, мозочни удари и сл.), миграција, губење на обработливо земјиште, губење на културно и природно наследство.

Во случаи кога достапноста на природните ресурси, како дрва, обработливо земјиште и основни природни ресурси е намалена како дирекно влијание од климатските промени, можностите за заработка на семејствата се ограничени. Ова често доведува до присилна миграција на работна сила (мажите) и зголемување на обврските на жените во домаќинствата (да обезбедат храна и вода за децата и повозрасните, да се грижат за нивните потреби итн).
Маргинализираните заедници, особено жените врзани за своите домови каде што се грижат за помалку мобилни членови на семејството, со поголема веројатност страдаат и умираат од ефектите од катастрофи поврзани со климата, вклучително невремиња и поплави.
Нискиот социо-економски статус, небезбедните домови и условите на животната средина ги прават жените поранливи на поплави.
На земјоделските полиња, екстремни топлински настани и високи температури можат да предизвикаат прекумерна дехидрираност, главоболки, заболувања на бубрезите и

топлотен удар кај изложените работници, кои најчесто се жени.

**Поврзаноста помеѓу климатските промени и родот** е комплексна и динамична, и не се однесува само на ранливоста од негативните влијанија од климатските промени, туку и на прилагодливоста кон тие влијанија, како и пронаоѓање на начини за намалување на емисиите на стакленичките гасови кои ги предизвикуваат климатските промени.
**Ублажувањето/спречувањето или „митигацијата“** на климатските промени значи првенствено намалување или спречување на емисиите на стакленички гасови и одржливо користење на природните ресурси. Ова значи употреба на нови технологии и обновливи извори на енергија, употреба на опрема што е енергетска поефикасна или промена во управувањето со енергијата и нејзината потрошувачка.
Мерките можат да бидат комплексни: од урбанистичко планирање на цели градови, до мали интервенции како замена на печки, замена на возило со возило со помали емисии на $CO_2$, подобро управување на отпадот, одржлив развој во земјоделието и сточарството, до уредување на патеки за велосипеди и пешаци.
**Прилагодувањето или “адаптацијата**” кон климатските промени претставува процес на прилагодување кон реалната или очекуваната промена на клима и нејзините ефекти. Адаптацијата се обидува да ги намали или избегне штетите, односно да најде начини за искористување на постојните можности. Во некои природни системи, човечката интервенција може да го олесни прилагодувањето на очекуваната клима и нејзините ефекти“. (Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC).
Пример за предвидливо прилагодување може да биде кога еден земјоделец ќе одлучи да одгледува житарки на кои им треба помалку вода, знаејќи дека климата во иднина ќе стане сè посува.
Аспекти кои треба да се земат во предвид при донесување на одлука и креирање на политики, акциони планови и мерки за намалување или прилагодување кон климатските промени:

- Влијанијата од последиците од климатските промени врз мажите и жените;
- Допринос кон климатските промени;
- Различни способности за ублажување на климатските промени на индивидуално ниво;
- Перцепции и ставови кон климатските промени;
- Влијанија на предложените/спроведените политики и мерки врз мажите и жените;
- Родово учество во донесување на одлуки.

Најважно е:

- да се соберат и анализираат родово сензитивни податоци;
- да се консултираат жени, како и мажи, корисници, претставници на граѓанското општество за проблемите и решенијата;
- да се формулираат мерки и активности кои ќе обезбедат учество на жените, особено како корисник на програмата, но и во процесите на донесување одлуки;
- да се предвидат родово чувствителните индикатори и да се примени родово одговорно финансирање.

*Активности кои ќе се реализираат:*
- Родова анализа на проценката на штетите од пожарите и влијанието врз жените и мажите (дали некој изгубил работа, се преселиле од местото, заболеле од некоја болест како последица од чадот, ако се занимавале со собирање на шумски треви иплодови- кои се штетите, штети за пчеларите и сл)
- Едукација на земјоделци што се занимаваат со земјоделие  (не само регистрираните земјоделци ) за прилагодување на земјоделието кон климатските промени и примена на нови сорти или методи на садење, на наводнување,  компостирање во домашни услови, справување со штетници на органски начин, и сл)
- Организирање на курс за жени и мажи за давање на прва помош и справување со елементарни непогоди (пожари, поплави,...) и техники за гасење на пожари
- Организирање на дополнителни здравствени систематски прегледи на пожарникарите кои беа вклучени во гаснењето на пожарите во насока на спречување на белодробни заболувања
- Кампања во средните и основните училишта:„И јас сум дел од решението за справување со климатските промени!„. На часови биологија или слично учениците дискутираат за проблемот и предлагаат мерки. На веб страната на општината може да има краток опис како секој може поединечно да ги намали емисиите на стакленички гасови и да се поканат средношколците со име и презиме да напишат мерки кои ќе ги почитуваат.
- Јавна кампања за можностите за употреба на алтернативни извори на енергија

### 2.5. Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство

Насилството врз жените и мажите значи секој акт на родово базирано насилство кое резултира со или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жртвата, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишувања од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Статистиката покажува дека жртви на родово базирано насилство се најчесто жените и децата. Затоа е потребно да се зголеми свесноста кај пошироката јавност за проблемот со насилството /да се подобри информираноста за превенција и заштита од секаков вид на насилство. Институциите надлежни да помогнат и излезат во пресрет на жртвите на родово базирано насилство, имаат многу ниска доверба кај граѓаните почнувајќи од самиот чин на пријавување на злосторството па се до згрижување на жртвите.

Во практиката се стретнуваат сите видови на семејно насилство врз жените: сексуално, физичко, психичко и економско. Најдоминантен облик на насилство е психичкото насилство. Но проблем е неговото пријавување а со тоа и преземањето на санкции спрема извршителот. Постојат правни мерки за спречување на насилството, но недоволната информираност на жените за постоење на истите доведува до ниска свест за пријавување на случаите на семејно насилство. Недоволната доверба кон институциите кои го третираат семејното насилство, дополнително го усложнува пријавувањето на семејното насилство. Според информациите од Центарот за социјална работа во Делчево, кај нас сеуште е на многу ниско ниво свеста за пријавување на семејнот насилство посебно психичкото и

сексуалното. Затоа се потребни мерки за подигање на јавната свест кај жените за навремено пријавување на сите видови на насилство.
Се подоминантен облик на родово базирано насилство е врсничкото насилство кај децата (булингот) и насилството на интернет (сајбер булинг). Потребни се работилници со цел младите да се заштитат од насилството на интернет и медиумски да се описменат. Медиумската писменост има за цел младите да ги препознаат лажните вести и да се направи превенција од градење на родови стереотипи но и отпор од омраза и врсничко насилство.Потребно е младите да се информираат како да се справуваат со информациите кои им се пласираат на медиумите, да се запознаат со механизмите за заштита и постапување во случај на штета од лажните вести и каде да се обратат.

***Активности кои ќе се реализираат:***

- организирање на настани за подигнување на јавната свест и одговорност за организирано делување во борбата против родово базирано насилство(полиција, ЦСР, општина, НВО и др.) и враќање на довербата кај граѓаните,
- континуирана соработка и вклучување на медиумите во подобрување на информираноста на јавноста за алармантноста на проблемот,
- организирање на трибини/едукативни предавања за подигање на свеста кај граѓаните, руралните жени за навремено пријавување на сите видови семејно насилство, постоечката правна заштита и казнените сакнции,
- организирање на трибини/едукативни предавања на учениците за спречување на врсничкото насилство кај децата (булингот) , опасноста од насилството на интернет (сајбер булинг) и обуки за медиумска писменост.

**2.6. Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;**

Локалната власт има клучна улога во намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.
Комисијата за еднакви можности (КЕМ) - како постојано работно тело при Советот на Општина Делчево исто така има важна улога во воведувањето на родовиот концепт во сите програмски документи кои се донесуваат на седниците на Советот. Надележноста на КЕМ е утврдена со Статутот на Општина Делчево.Мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на Општината е четири години.
**Процес на креирање на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Советот на општина Делчево:** Идејата и потребата за формирање на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Советот на општина Делчево произлезе како резултат на соработката на Сојузот на организација на жени од Македонија (СОЖМ) и Одделението за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Министерството за труд и социјална политика, со жените од општината. Во 2003 година од страна на Организација на жени од Македонија - огранок Делчево, Здружението на вешти жени - Делчево, Форумот на жени од ЛДП, Локалниот клуб на жени од СДСМ, Унијата на жени од ВМРО-ДПМНЕ од Делчево, жени од ДА, се покрена иницијатива за формирање на Комисијата . Поточно на

21.03.2003 г. на 21 седница на Советот на општина Делчево е донесена Одлука за формирање на Комисија за унапредување на рамноправноста помеѓу половите. Комисијата броеше седум члена од кои 3 члена од Советот и 4 надворешни членови. Подоцна со конституирањето на новиот Совет на општина Делчево, на 31.08.2005 г. се донесе одлука за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените, како постојана комисија при Советот на општина Делчево. Оттогаш па до денес со секој состав на Советот на општината се формира и КЕМ. Денешната Комисија за еднакви можности на жените и мажите е формирана со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-2218/1 од 15.11.2021 година.

Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт и КЕМ целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење. Во денешницата и во иднината, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво.
Основна цел на овој документ е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност.

*Активности кои ќе се реализираат:*

- Организирање на работилници за членовите на КЕМ и општинската администрација за изработка на стратешки документи за родова еднаквост на жените и мажите ( ревидирање на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 („Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019) и Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022 бр.09-1840/1 од 27.09.2019 година),
- Организирање на обуки за членовите на КЕМ и вработените во општинаската администрација, за воведување на родово одговорно буџетирање во Општина Делчево и родова анализа на програмите на ЕЛС,
- Организирање на јавни дебати за креирање на родово одговорен Буџет, со МЗ и УЗ , НВО и преставници на засегнатите страни,

3. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИТЕ

| 1. Област на делување:Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни институции** | **Буџет/извор на финансирање** | **Временска рамка** |
| **1.1** Организирање на работилници/трибини за градење на капацитетите кај жените да си ги бараат своите права, преку подигнување на нивото на свесноста | Листа на присутни учесници на работилниците/трибините (колку мажи-колку жени) | КЕМ<br>НВО | 18.000 ден.<br>Буџет на општина<br>Проектни активности на НВО | Март, Јуни и Октомври 2022 |
| **1.2** Обезбедување на правна помош и подигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жената во случај на повреда на нејзините права | Колку мажи – колку жени побарале правна помош | КЕМ<br>НВО | 9.000 ден.<br>Буџет на општина<br>Проектни активности на НВО | Континуирано |
| **1.3** Организирање на обуки/трибини за препознавање на дискриминацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право | Листа на присутни учесници на обуките/трибините (колку мажи-колку жени) | КЕМ<br>НВО | 12.000 ден.<br>Буџет на општина<br>Проектни активности на НВО | Март и Ноември 2022 |

| 2.Област на делување:Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни институции** | **Буџет/извор на финансирање** | **Временска рамка** |
| **2.1**Обезбедување на | Број на жени на кои е | КЕМ | Здравен дом | Еден ден во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| организирани прегледи ехо на дојка во Здравниот дом Гоце Делчев во Делчево(др.специјалист радиолог)<br><br>**2.2** Обезбедување на организирани прегледи поврзани со заболувања на простатата кај мажите во Здравниот дом Гоце Делчев во Делчево (др.специјалист уролог),<br><br>**2.3** Организирање на трибини/едукативни предавања за превенција и заштита на здравјето на жените и мажите со учество на д-р специјалисти од разни области<br><br>**2.4** Организирање на настани по повод: април месец на јавното здравје, октомври месец за подигање на свеста за рано откривање на рак на дојка, ноември месец посветен на машкото здравје, | извршено преглед<br><br>Број на мажи на кои е извршено преглед<br><br>Листа на присутни учесници на трибините (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени) | Здравен дом<br>НВО<br><br>КЕМ<br>Здравен дом<br>НВО<br><br>КЕМ<br>Здравен дом<br>НВО<br><br>КЕМ<br>Здравен дом<br>НВО | Гоце Делчев<br><br>Здравен дом Гоце Делчев<br><br>12.000 ден. Буџет на општина Проектни активности на НВО<br><br>24.000 ден. Буџет на општина Проектни активности на НВО | неделата<br>12 месеци<br><br>Еден ден во месецот<br>12 месеци<br><br>Октомври, Ноември 2022<br><br>Април 2022 |
| 3. Област на делување:Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница | | | | |
| Активности | Индикатори | Одговорни институции | Буџет/извор на | Временска рамка |

| | | | финансирање | |
|---|---|---|---|---|
| **3.1** Организирање средби со локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Делчево,заради создавање на услови за учество на жените и маргинализираните групи во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики,<br><br>**3.2** Организирање на трибини/настани со цел намалување на социјалната исклученост на жените од јавниот и политичкиот живот со учество на етаблирани жени во јавниот и политичкиот живот<br><br>**3.3** Одржување на средби со сите представници на женските форуми од политичките партии со цел поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во политичките партии и раководни функции во политичките партии | Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени) | Претседатели на МЗ и УЗ КЕМ<br><br>КЕМ НВО<br><br>КЕМ Претседатели/ки на партии и женски форуми | 3.000 ден. Буџет на општината<br><br>3.000 ден. Буџет на општината<br><br>3.000 ден. Буџет на општината | Јануари-Декември 2022<br><br>Март-Јуни 2022<br><br>Јануари-Декември 2022 |
| 4. Област на делување:Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите | | | | |
| Активности | Индикатори | Одговорни институции | Буџет/извор на | Временска рамка |

| | | | финансирање | |
|---|---|---|---|---|
| **4.1**Родова анализа на проценката на штетите од пожарите и влијанието врз жените и мажите | Број на собрани податоци (родово разделени) | Општина Делчево<br>ЦУК | / | Јануари-Јуни 2022 |
| **4.2** Едукација на земјоделци што се занимаваат со земјоделие (не само регистрираните земјоделци ) | Број на учесници на едукациите | ПЕ за земјоделие<br>НВО | 2.000ден.<br>Буџет на Општина Делчево | Јануари-Март2022 |
| **4.3**Организирање на курс за жени и мажи за давање на прва помош и справување со елементарни непогоди (пожари, поплави,...) и техники за гасење на пожари | Број на учесници на курсевите | КЕМ<br>ОО Црвен крст<br>ТППЕ | 2.000ден.<br>Буџет на Општина Делчево | Април 2022 |
| **4.4**Организирање на дополнителни здравствени систематски прегледи на пожарникарите кои беа вклучени во гаснењето на пожарите во насока на спречување на белодробни заболувања | Број на прегледани пожарникари | Општина Делчево | 34.000ден.<br>Буџет на Општина Делчево | Континуирано |
| **4.5**Кампања во средното и основните училишта:„И јас сум дел од решението за справување со климатските промени!„. | Број на учесници во кампањата, број на посетители на настаните кои се дел од кампањата | КЕМ<br>ООУ и СОУ | 12.000ден.<br>Буџет на Општина Делчево ,НВО | Март 2022 |
| **4.6**Јавна кампања за можностите за употреба на алтернативни извори на енергија | Број на учесници во кампањата, број на посетители на настаните кои се дел од кампањата | Општина Делчево<br>Мин.за животна средина<br>Мин. за економија | 12.000ден.<br>Министерства | Март-Јуни 2022 |
| 5. Област на делување: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во | | | | |

| однос на родово базирано насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори | Одговорни институции | Буџет/извор на финансирање | Временска рамка |
| **5.1** Организирање на настани за подигнување на јавната свест и одговорност за организирано делување во борбата против родово базирано насилство(полиција, ЦСР, општина, НВО и др.) и враќање на довербата кај граѓаните,<br><br>**5.2** континуирана соработка и вклучување на медиумите во подобрување на информираноста на јавноста за алармантноста на проблемот,<br><br>**5.3** организирање на трибини/едукативни предавања за подигање на свеста кај граѓаните, руралните жени за навремено пријавување на сите видови семејно насилство, постоечката правна заштита и казнените сакнции,<br><br>**5.4** организирање на трибини/едукативни предавања на | Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на објави на медиумите/социјалните мрежи<br><br>Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на присутни ученици на настаните (колку мажи-колку жени) | КЕМ<br>НВО<br>ПС,ЦСР<br><br>КЕМ<br>Одговорно лице за односи со јавноста<br><br>КЕМ<br>НВО<br><br>КЕМ<br>ООУ и СОУ | 12.000 ден.<br>Буџет на општината<br>Проекти на НВО<br><br>28.000 ден.<br>Буџет на општината<br><br>12.000 ден.<br>Буџет на општината<br>Проекти на НВО<br><br>18.000 ден.<br>Буџет на општината<br>Проекти на НВО | Ноември 2022<br>16 дена активизам за борба против родово базирано насилство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учениците за спречување на врсничкото насилство кај децата (булингот) , опасноста од насилството на интернет (сајбер булинг) и обуки за медиумска писменост. | | | | |
| 6. Област на делување:Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите | | | | |
| Активности | Индикатори | Одговорни институции | Буџет/извор на финансирање | Временска рамка |
| **6.1** Организирање на работилници за членовите на КЕМ и општинската администрација за изработка на стратешки документи за родова еднаквост на жените и мажите ( ревидирање на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2020-2022 и Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост 2020-2022<br><br>**6.2** Организирање на обуки за членовите на КЕМ и вработените во општинаската администрација, за воведување на родово | Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени)<br><br>Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени) | КЕМ<br>НВО<br><br>КЕМ<br>НВО | 48.000 ден.<br>Буџет на општината<br>Проекти на НВО<br><br>18.000 ден.<br>Буџет на општината<br>Проекти на НВО | Септември-Ноември 2022<br><br>Мај-Јуни 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одговорно буџетирање во Општина Делчево и родова анализа на програмите на ЕЛС,<br><br>**6.3** Организирање на јавни дебати/форуми за креирање на родово одговорен Буџет, со МЗ и УЗ , НВО и преставници на засегнатите страни | Број на присутни учесници на настаните (колку мажи-колку жени) | КЕМ<br>Сектор за финансиски прашања | 6.000 ден.<br>Буџет на општината | Септември-Октомври 2022 |

4. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации, проекти и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително текот на 2022 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2535 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Од 28.12.2021 година Претседател
Гоце Попов, с.р.

-локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни до крајот на месецот до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци ( копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати) за месецот за кој се однесува платата.

-во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

На членовите на Советот на Општина Делчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Делчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на Општина Делчево за раководењето и организирањето наработата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

## Член 13

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на вработениот во Општината, му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата.

Исплатите на погоре наведениот надоместок се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

## Член 14

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

## Член 15

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во
случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Надоместокот за дневница на службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 700,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 2 од овој член.

## Член 16

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ до 60% од просечната
месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

## Член 17

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

## Член 18

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 19**

Вработувањата во општинската администрација се врши согласно актитеза организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности, согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 20**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 21**

Буџетот на Општината Делчевосе извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 22**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Делчево", а ќе се применува од 01 Јануари 2022година.

Бр.09- 2536/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.12.2021 год. — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

**8.**Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021), Советот на Општина Делчево, на третата редовна седница одржана на 28.12.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на државните службеници за 2022 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2022 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.

**Број 09-2540/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.12.2021 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**9.**Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад (,,Сл.весник на РМ,,бр. 68/2004),а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.,весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево, на својата Трета редовна седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за управување со отпад за 2022година**
**во Општина Делчево**

**1.Вовед**

Согласно член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ” бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Републиката.

Советот на Општина Делчево во 2019 година го има донесено четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2019-2023 ) и истиот истата година има

добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево( 2019-2023).

Стратегиска цел бр.1

Подобрување на управување со општинската депонија

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2022година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и во тек е потврдување на документот за регионално управување со отпад и после негово усвојување од страна на МОЕПП, општината е потребно да се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата.

Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Подготовка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата

региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

Стратегиска цел бр.2

Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево

Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

Стратегиска цел бр.3

Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)

Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори како:

1. Буџет на Општина Делчево ;
2. Буџет на РСМ
3. Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

1.Опис и отценка на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создаваат во Општината и нивн соодветно управување. | 1.1.Развивање на соодветна база на податоци за генерираните количини и видови на отпад | МЖСП<br>Општина Делчево | | МЖСП<br>Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1.2. Развивање на систем з<br>сепарирање и собирање<br>биоразградлив отпад | | | |
| 1.Порамнување на отпадот на депонија ,,Острец,,и посипување слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред | -Анализа на затекнатата ситуаци<br>-Проценка на финансиските средства потребни за реализаци на активноста | Општина Делчево и ЈПКД ,,Брегалница,, | 200.000 | Со сопствени средст |
| 2.Регионален пристап во управувањето со отпад<br><br>-Општина Делчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | -Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br><br>-Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево<br>МЖСПП | | Меѓубародни финансиски институции<br>МЖСПП |
| 3.Евидентирање на дивите депонии | 3.1. Теренска обиколка на целата територија на Општината<br>3.2. Проценка на капацитетите на сите диви депонии<br>-зелени појаси( засадување на дрвја и затревување) | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Општина Делчево |
| 4. расчистување на дивите депонии и рехабилитација на истите | 4.1.Подготовка на План за затварање на дивите депонии и нивна ревитализација<br>4.2Чистење/затварање на диви депонии<br>4.3. Ревитализација на просторите, зафатени со диви депонии | Општина Делчево | | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,,<br><br>Програма на Влада з та за озеленување-преку проекти за зголемување на зелените површини<br>Програма за животн средина |
| 5.Собирање на растителен отпад од дворните места во текот на месец октомври,ноември и декември | -Со предходна консултација и соработка со населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50. 000 | ЈПКД,,Брегалница,, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.Собирање на габаритен отпад од домакинствата | -По предходна консултација и известување на населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 7.Собирање и селектирање на ПЕТ амбалажа и отпадот од хартија | -Поставување на садови за селекција<br>-Едукација на населението за бенефитите од селективниот пристап на управување со отпад | ЈПКД,,Брегалница,, Општина Делчево | | ЈПКД Брегалница Општина Делчево МЖСПП |

2.Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Замена и поправка на садовите за собирање на отпад поставени на јавните површини и да се постават нов на местата на кои има потреба од истите на трите парцели на градските гробишта | -Отстранување на старите садови;<br>-Поправка каде е е можно;<br>-Одредување на локации за поставување на нови | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Зголемување на бројот на контејнери во градските и селските подрачја | -Поведување на тендерска постапка за избор на фирма набавка на контејнери<br>-Поставување на контејнери с.Разловци, Град, Вирче И Стамер. | Општина Делчево ЈПКД Брегалница | 300.000.00 | Општина Делчево ЈПКД Брегалница |

3.Управување со опасен отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институци | Буџет | Извори на финансиран |
|---|---|---|---|---|
| 1.Одредување на локации за собиран отпад за стакло и склучување на договор со фирма за преземање на истиот | -Јавна кампања<br>-Склучување на договор со лиценцирана фирма | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 20 000 | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми и масла | -Иницирање за интегрално решавање на проблемот | Општина Делчево | ……………… | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, |
| 3.Решавање на проблемот управување со отпад од животинско потекло | Одредување на локација за закопување на изумрени животн | Општина Делчево | ……………… | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, |

4.Едукација на населението

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансира |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигнување на јавната свест кај населението | -Информирање на јавноста<br>-Припрема на кампањата<br>-Спроведување на кампањата | Општина Делчево | 50.000 | Општина Делчево |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Амализа на остварените резултати<br>-Организирање на акции | | | |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Бр.09-2541/1
28.12.2021 година
ДЕЛЧЕВО

Претседател,
Гоце Попов,с.р.

10.
Врз основа на член 12 од законот за јавна чистота (Службен весник на Р.М.,, бр.111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево (Службен глесник на Општина Делчево,, бр.8 од 17.11.2008) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на денја донесе следната

ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА
ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

ВОВЕД

Под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево.

ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,

-Миење на улиците и јавните површини,

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,

-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

ДИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавнитре површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мразпо тротоарите и пешачките патеки.

Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- Од 06.00-14.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- Од 07.00-15.00 часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 6 | Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион) |
| 7 | Градски Пазар |
| 8 | Паркинг пред Спомен дом АСНОМ |
| 9 | Паркинг пред Здравен дом |
| 10 | Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом |
| 11 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 12 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 13 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 14 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 15 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 16 | Парк кај нова црква ,,Св.Кирил и Методи,, |
| 17. | Мини парк (кај стариот градски пазар- 200м2 |
| 18. | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи 300м2 |
| | Вкупно површина од 20.700м2 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.06 до 30.09) во временскиот интервал од 04 – 07 часот еднаш во неделата

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| | |
| | Вкупно површина од 10.700м2 |

УЛИЦИ И ПОВРШИНИ ОД КОИ СЕ СОБИРААТ ОТПАДОЦИ

Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси (песок, камен, кал, лисја и сл. По поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 5 | Градски Пазар |
| 6 | Градски парк пред Спомен дом АСНОМ |
| 7 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 8 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 9 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 10 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 11 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 12 | Кеј на река Брегалница |
| 13 | Голак сцена и спортски игралишта |
| 14 | Парк кај нова црква ,,Св. Кирил и Методи,, |
| 15. | Мини парк ( стар градски пазар) 200м2 |
| | |
| | Вкупно површина од 20.470м2 |

ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД ,,Брегалница,, Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.

Во зимски услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од следните јавни површини:

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Тротоари на ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Тротоари на ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Тротоари на булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Тротоари на ул.,,Индустриска,, |
| 5 | Тротоари на ул.,,Светозар Марковиќ,, |
| 6 | Тротоари на ул.,,Кеј на ослободување-десниот тротоар гледано во правец на градскиот базент) |
| 7 | Паркинг пред спомен дом АСНОМ |
| 8 | Паркинг пред Здравен дом,,Гоце Делчев,, |
| 9 | Градски пазар 200м2 |
| 10 | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи 300м2 |
| | Вкупно површина од 13.900м2 |

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Преглед на потребни финансиски средства за спроведување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2021 година

| Ред.бр. | Позиција | Ед.мера | Количина | Ед.цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на улици и јавни површини-секојдневно(282 дена во годината) | М2 | (20.500x261) (+200m2+300м2) 5.350.500 | 0.15 | 802.575.00 |
| 2 | Миење на улици - 4мес.х4пати-16 пати во годината | М2 | (10.700x16) 171.200 | 0.50 | |
| 3 | Собирање на отпадоци од јавни површини-секојдневно 282д. | М2 | (20.270x261) (+200m2) 5.290.470 | 0.15 | 793.570.00 |
| 4 | Чистење на снег и мраз во зимски услови-зимски период | М2 | 13.900 | 8.50 | 118.150.00 |
| 5 | Набавка и поставување на улични корпи за отпадоци | Бр. | 10 | 2.000.00 | 20.000.00 |
| | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | 1 734 000.00 |

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2022 ГОД.

| Ред.бр. | приходи | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Надомест за јавна чистота од домаќинствата | 1.520.000.00 |
| 2 | Надомест за јавна чистота од правни лица | 420.000.00 |
| | | |
| | ВКУПНО | 1.940.000.00 |

Пресметките се дадени во случај наплатата да биде 100%.

Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчевона давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.

Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши Овластениот инспектор за комунални работи и животна средина на Општина Делчево.

**Бр.09-2542/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.12.2021год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**11.**Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 114 став 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.104/19,146/19,275/19 и 311/20)и член 22 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата трета седница, одржана на ден 28.12.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е НИ Е**
**за именување на член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одборна Општинска јавна установа за деца**
**Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“Делчево**

Член 1

За член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор наОпштинска јавнаустанова за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“Делчево, се именува:

1. Катица Трајкова Тасева.

Член 2

Мандатот на членот на Управниот одбор трае 4 години.

Член 3

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2543/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**28.12.2021 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**12.**Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ“ број 5/2002), Советот на Општина Делчево на Третата седница одржана на ден 28.12. 2021 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изработка на урбанистички планови на подрачјето**
**на Општина Делчево за 2022 година**

Урбанистички планови за град Делчево:

1. Генерален урбанистички план за град Делчево

2. Детален урбанистички план - Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево - дел од блок 2,6 ,урбана единица 2- со граници:

- осовина на ул,, Маршал Тито,, -југозападна страна
- граници на к.п. бр. 8761/4; к.п. бр 8761/4; к.п. бр 8764; к.п. бр 8761/4;-југоисточна страна
- Осовина на ул. ,, Крушевска,, ( новопроектирана Сервисна улица согласно ГУП , делумно изведена- северна страна)

3. Детален урбанистички план за урбана единица 2 , дел од блок 2,7 – ,, Централно градско подрачје,, со граници:

- Североисточна страна –граничи со река ,,Брегалница,,со спој со ендек
- Југоисточна страна по оската на водотек на канал
- Југозападна граница по оска на ул. М тито,, и дел од ,, Солунска,,
- Северозапад ,северозападна граница на 7561/1 , до ул М Тито ,продолжува по ул.,, ММ Брицо до река Брегалница и се по река до појдовна точка на опфат

4. Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници:
- северозападна страна по осовина на улица бр,1
- југозападна страна по осовина на улица М М Брицо
- североисточна страна по осовина на улица бр,5 ,по осовина на пешачка патека која излегува на улица бр.2
- југоисток по осовина на улица бр. 2 до спој со пешачка улица

5. Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица со граници:

- североисток: дел од јужна меѓа на к.п. бр. 1136 , к.п. бр.1137 , к.п. бр.1138, к.п. бр.1130, к.п. бр.1129, к.п. бр.1128, к.п. бр.1127, западна мега на к.п. бр. 1103 и к.п. бр. 1102 до пат М5
- југ : Магистрален пат М5 (според нова категоризација А3М)

6. Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3, дел од Блок 3.1.
7. Урбанистички проект со план за парцелацијаГрадежна Парцела бр.2.05 и Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево
8. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 Површински соларни и фотоволтаични централи (за поставување на фотонапонски панели на земја) во опфат на ко Град – Општина Делчево к.п. бр. 4036/1 к.п. бр.4854, к.п. бр. 4855 , кп бр. 4856 и дел од к.п. бр. 4037/1 ко Град-Општина Делчево;
9. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена: Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат КО ОЧИПАЛА ,Општина Делчево (Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 1,6 MW );
10 . Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица за вода за пиење, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето (станици за пречистување и

дезинфекција), КО Тработивиште, Општина Делчево;
11. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1292 КО ОЧИПАЛА ,Општина Делчево со намена: Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 0,5MW );
12. Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето, КО Делчево, Општина Делчево дел од кп 8426 ко Делчево;
13. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 3730 КО ЗВЕГОР ВОН ГРАД ,Општина Делчево- Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 1MW );
14. Донесување - одобрување на Урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање;
15. Довршување на постапките за проекти за инфрструктура започнати според Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр 19/14,44/15,19/15,31/16,163/6,64/18 и 168/18);
16. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината.
17. Донесување на Одлуки на Совет за утврдување на потреба од изработка, дополнување на Годишна програма, усвојување Урбанистички планови , Урбанистички проекти и друг вид Урбанистичка документација согласно Законот за урбанистичко планирање

Финансирањето урбанистичките планови го врши Општината од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево како и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно законската регулатива.

**Број 09-2544/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.12.2021** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

13.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Советот на Општина Делчево, на својата 3. седница одржана на ден 28.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

**За приоритетен проект : „ Набавка на контејнери за цврст отпад” во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево за средства

обезбедени во рамки на грантот од  Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност да се наменат и искористат за проектот **„Набавка на контејнери за цврст отпад “.**

Член 2

Проектот **„Набавка на контејнери за цврст отпад “**, општина Делчево ќе бидат наменети и поставени во најсиромашните села во општината согласно донесената урбанистичка ревизија.

Член 3

Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот: „Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево-“,-Изградба на станбена улица бр.3 од  СТ.0+237.00 ДО СТ. 0+606.33“-**MSIP**2-**NCB-036-21** кој е во висина од  7,493,900 , 60 мкд од кои 5.266.748 мкд се средства од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка),а остатокот од буџетот на општина Делчево.

Член 4

Вкупнатапроектна вредност на проектот  е 1422021.90 со вклучен ДДВ, Грант  средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1422021.90 мкд.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09-2545/1
28.12.2021
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.